РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација
на високото образование
бр. 14-37/3
16.04.2013 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10,51/11, 17/11, 123/12, 15/13, 24/13), Одборот за акредитација и евалуација на 18. седница одржана на 26.03.2013 година донесе

18.04.2013
18 253/2

**РЕШЕНИЕ**

**за акредитација на измени, дополнување и преименување на постоечка студиска програма Односи со јавноста и маркетинг комуникација во студиска програма Меѓународни комуникации од вториот циклус двегодишни магистерски студии на Факултетот за јазици, култури и комуникации во состав на Универзитетот на југоисточна Европа**

1. Се акредитира изменетата, дополнетата и преименуваната студиска програма **Односи со јавноста и маркетинг комуникација во студиска програма Меѓународни комуникации од вториот циклус двегодишни студии на Факултетот за јазици, култури и комуникации во состав на Универзитетот на југоисточна Европа,** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Студиската програма Меѓународни комуникации е во траење од две години (четири семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 2, студентот се стекнува 120 ЕКТС и со звање: **Магистер по меѓународни комуникации**, научно-истражувачко подрачје: 5. – Општествени науки, научно истражувачко поле: Политички науки, научна бласт: 507/ од 50704 до 50707.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, со што престанува да важи Решението за акредитација на студиската програма Односи со јавноста и маркетинг комуникација кое беше донесено на 67. седница на Одборот за акредитација и евалуација одржана на 26.02.2008 година.

# О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на Извештајот на експертската комисија доставен на 67. седница одржана на 26.02.2008 година, Одборот за акредитација и евалуација донесе решение за акредитација на студиската програма Односи со јавноста и маркетинг комуникација втор циклус двегодишни студии на Факултетот за јазици, култури и комуникации во состав на Универзитетот на југоисточна Европа. Притоа, врз основа на предлогот на експертската комисија, во своето решение Одборот му сугерираше на предлагачот да го промени насловот на студиската програма во насока на негово усогласување со содржинските елементи на доставениот предлог на стдиската програма.

Одборот за акредитација на 17 седница одржана на 26.02.2013 година формира експертска комисија и на 18. седница одржана на 26.03.2013 година, врз основа доставениот елаборат и извештајот на експертската комисија одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование
Проф. д-р Михаил Петковски